СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-31943

Пе

БЕЛИ РАД

БРОЈ 33 ГОД. XLIII

рок – рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-685; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51
2

451.

Врз основа на член 327 ст. 1 и 2 од Уставот на СФРЈ, во врска со член 70 став 1 од Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР И ПРОГЛАСУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 16 мај 1987 година, се избира и прогласува членот на Претседателството на СФРЈ од СР Македонија и досегашен потпретседател Лазар Мојсов.

О. бр. 6
15 мај 1987 година
Белград

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Синан Хасани, с. р.

452.

Врз основа на член 327 ст. 1 и 2 од Уставот на СФРЈ, во врска со член 70 став 2 од Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР И ПРОГЛАСУВАЊЕ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за период од една година, почнувајќи од 16 мај 1987 година, се избира и прогласува членот на Претседателството на СФРЈ од СР Босна и Херцеговина Хамдија Поздерац.

О. бр. 7
15 мај 1987 година
Белград

Претседателство
на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Синан Хасани, с. р.

453.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1987 ГОДИНА

Се прогласува Законот за измена и дополнение на Законот за привремена забрана на располагањето со општествени средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година, што го усвои Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година.

П бр. 700
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА ЗА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремена забрана на располагањето со општествени средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/87) во член 2 точка 2 по зборот: „референдум" се додаваат зборовите: „и други форми на лично изјаснување на граѓаните".

Член 2

Во член 5 точка 4 зборовите: „автоматизација на платниот промет во Службата на општественото книговодство" се заменуваат со зборовите: „автоматска обработка на податоците".

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

454.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗОТ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за превозот во меѓународниот патен сообраќај, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 14 мај 1987 година.

П бр. 699
14 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Синан Хасани, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗОТ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превозот во меѓународниот патен сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/80), во член 2 став 1 зборот: „превоз" се заменува со зборот: „транзит".

Член 2

Член 15 се менува и гласи:

„Превозникот е должен билетите за возење да ги продава преку автобуската станица и други посебно организирани продажни места (туристички агенции, туристички бироа, деловници и сл.).

Обврската од став 1 на овој член не се однесува на меѓународниот линиски превоз на патници воспоставен врз основа на меѓународен договор за сообраќај во пограничното подрачје.

На барање од превозникот, за превоз во пограничното подрачје кој не е воспоставен врз основа на меѓународен договор за сообраќајот во тоа подрачје, сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските може да го ослободи превозникот од должноста од став 1 на овој член, по претходно прибавено мислење од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина преку чија територија се врши превозот.".

Член 3

Во член 19 по став 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Ако линискиот превоз има сезонски карактер, решението од став 4 на овој член ќе се донесе по истекот на една година од денот на запирањето на превозот.".

Член 4

Во член 23 по зборовите: „оригиналот на дозволата од член 10 на овој закон" се додаваат запирка и зборовите: „или нејзината копија што ја заверил сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.".

Член 5

Членот 26 се менува и гласи:

„За оправданоста на барањето на домашниот превозник за издавање на дозволата од член 10 на овој закон, сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските ќе побара мислење од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина на чија територија со возниот ред е предвидено качување односно слегување на патници, и од Стопанската комора на Југославија.".

Член 6

Во член 32 се додава нов став 2, кој гласи:

„Дозволите од став 1 на овој член ги издава сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.".

Член 7

Во член 35 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, ако бројот на странски дозволи за определена земја суштествено отстапува од потребите за превоз на предмети, сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските може да пропише посебни критериуми, постапка и начин на распределба на дозволите за таа земја.".

Член 8

Членот 39 се менува и гласи:

„Вкупниот број (контингент) на дозволи за вонлиниски превоз на предмети помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и други држави, дозволи за транзит на предмети и дозволи за превоз на предмети за трети земји и од трети земји, како и рокот на важењето на одделни дозволи ги утврдува сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските, по прибавено мислење од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина, и од Стопанската комора на Југославија.".

Член 9

Во член 40 став 1 се додава нова точка 13, која гласи:

„13) за превоз со приклучно возило во група возила што ја сочинуваат моторно возило на домашен превозник и странско приклучно возило;".

Досегашната точка 13 станува точка 14.

Член 10

Членот 43 се брише.

Член 11

Во член 50 став 1 зборот: „товарни" се заменува со зборот: „стопански", а по зборот: „превозот" се додаваат зборовите: „на патници односно".

Член 12

По член 54 се додава нов меѓунаслов и нов член, кои гласат:

„Va. ЗАКУП НА СТРАНСКО ВОЗИЛО

Член 54а

Домашен превозник може да користи закупено странско возило за меѓународен превоз на патници и предмети врз основа на дозвола за користење на закупено странско возило, која, на негово барање, може да ја издаде сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските.

Пред донесувањето на одлука за издавање на дозволата од став 1 на овој член, сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските ќе побара мислење од надлежниот орган во републиката односно во автономната покраина и од Стопанската комора на Југославија за оправданоста на издавањето на таква дозвола.".

Член 13

Во член 55 став 1 зборовите: „40 на овој закон" се заменуваат со зборовите: „40 став 1 точ. 1 до 12 и 14 на овој закон".

Член 14

Во член 57 став 2 зборовите: „член 43" се заменуваат со зборовите: „член 54а".

Член 15

Во член 61 став 2 зборовите: „чл. 10, 32 и 45" се заменуваат со зборовите: „чл. 10, 32, 37, 45 и 52".

Член 16

Во член 67 став 1 бројот: „30.000" се заменува со бројот: „1.000.000", а бројот: „1.000.000" – со бројот: „10.000.000.".

Во став 2 бројот: „3.000" се заменува со бројот: „100.000", а бројот: „20.000" – со бројот: „500.000".

Член 17

Во член 68 став 1 бројот: „10.000" се заменува со бројот: „50.000", а бројот: „100.000" – со бројот: „1.000.000".

Во став 2 бројот: „2.000" се заменува со бројот: „10.000", а бројот „15.000" – со бројот: „150.000".

Член 18

Во член 69 став 1 бројот: „5.000" се заменува со бројот: „25.000", а бројот: „50.000" – со бројот: „500.000".

Се додава нова точка 8, која гласи:

„8) ако не му достави на сојузниот орган на управата надлежен за работи на сообраќајот и врските писмен извештај за бројот на искористените дозволи според видот на превозот по одделни земји, гранични премини и корисници на дозволи по републики и автономни покраини (член 36).".

Во став 2 бројот: „1.000" се заменува со бројот: „5.000", а бројот: „10.000" – со бројот: „100.000".

Член 19

Во член 70 став 1 бројот: „5.000" се заменува со бројот: „25.000", а бројот: „50.000" – со бројот: „500.000".

Точка 3 се менува и гласи:

„3) ако без дозвола врши меѓународен вонлиниски превоз на патници кој може да се врши само со дозвола (член 32);".

Се додава нова точка 9, која гласи:

„9) ако без дозвола врши меѓународен линиски превоз на предмети (член 45).".

Во став 2 бројот: „1.000" се заменува со бројот: „5.000", а бројот: „10.000" – со бројот: „100.000".

Член 20

Во член 71 став 1 бројот: „5.000" се заменува со бројот: „25.000", а бројот: „50.000" – со бројот: „500.000".

Во точка 3 зборовите: „на предмети" се бришат.

Во став 2 бројот: „1.000" се заменува со бројот: „5.000", а бројот: „10.000" – со бројот: „100.000".

Член 21

Во член 72 бројот: „3.000" се заменува со бројот: „15.000", а бројот: „15.000" – со бројот: „150.000".

Член 22

Во чл. 28, 29, 35, 36, 41 и 49 зборовите: „Општото здружение на сообраќајот на Југославија" се заменуваат со зборовите: „Стопанската комора на Југославија" на сите места, во соодветната членувана форма.

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

455.

Врз основа на член 288 точка 1 и на член 309 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Марјан Рожич, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 226
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател
на Соборот на
републиките и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка
Такева-Григориевиќ, с. р.

456.

Врз основа на член 288 точка 1 и на член 309 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог о Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира м-р Живан Марељ, делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 233
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател
на Соборот на
републиките и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот Собор,
Милка
Такева-Григориевиќ, с. р.

457.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 309 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година, и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА БРОЈОТ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија има еден потпретседател.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 233/1
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател
на Соборот на
републиките и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка
Такева-Григориевиќ, с. р.

458.

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 287 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Драшко Поповиќ, делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 229
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател
на Соборот на републиките
и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

459.

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 287 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБОРОТ НА РЕПУБЛИКИТЕ И ПОКРАИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Марко Матковиќ, делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 230
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател
на Соборот на
републиките и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

460.

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира Омер Курпејовиќ, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 227
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка
Такева-Григориевиќ, с. р.

461.

Врз основа на член 310 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 285 точка 17 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се

избира Рамо Алихајдари, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 228
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка
Такева-Григориевиќ, с. р.

462.

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 315 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

За претседател на Уставниот суд на Југославија се избира д-р Александар Фира, судија на Уставниот суд на Југославија.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 238
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател
на Соборот на
републиките и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Милка
Такева-Григориевиќ, с. р.

463.

Врз основа на член 288 точка 21 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 3 став 4 од Законот за Фондот за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде", Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ „МОША ПИЈАДЕ" И ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ТОЈ ОДБОР

I

За претседател на Управниот одбор на Фондот за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде" се именува Славољуб Станковиќ, претседател на Здружението на ликовните уметници на Србија, претседател на Сојузот на здруженијата на ликовните уметници на Југославија и член на Управниот одбор на Фондот за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде".

II

Управниот одбор на Фондот за унапредување на ликовната уметност „Моша Пијаде" го сочинуваат следните членови што ги избраа собранијата на републиките односно собранијата на автономните покраини:

од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина:

1. Борислав Алексиќ, академски сликар од Сараево;
2. Исмар Муезиновиќ, академски сликар од Сараево;

од Социјалистичка Република Црна Гора:

1. Драган Радовановиќ, историчар на уметноста;
2. Слободан Словиниќ, академски сликар;

од Социјалистичка Република Хрватска:

1. Дамир Грубиќ, кустос во Штросмаеровата галерија и ликовен критичар;
2. Ѓуро Сеѕер, професор и декан на Академијата на ликовните уметности во Загреб;

од Социјалистичка Република Македонија:

1. Боро Митриќевски, вајар;
2. Трајче Николовски, ликовен уметник;

од Социјалистичка Република Словенија:

1. Звест Аполонио, академски сликар од Порторож;
2. Јуре Микуж, историчар на уметноста од Љубљана;

од Социјалистичка Република Србија:

1. Надор Глид, ректор на Универзитетот на уметностите во Белград;
2. Славољуб Станковиќ, претседател на Здружението на ликовните уметници на Србија и претседател на Сојузот на здруженијата на ликовните уметници на Југославија;

од Социјалистичка Автономна Покраина Косово:

1. Мусли Мулиќи, редовен професор на Факултетот на уметностите во Приштина;

од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина:

1. Здравко Мандиќ, директор на Галеријата на слики „Ечка" во Зрењанин.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 232
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпредседател
на Соборот на
републиките и покраините,
Никола Филиповиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот Собор,
Милка
Такева-Григориевиќ, с. р.

464.

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 15 мај 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 15 мај 1987 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МЕЃУНАРОДНА ПОЛИТИКА И СТОПАНСТВО

За претставник на Собранието на СФРЈ во Советот на Институтот за меѓународна политика и стопанство се

избира д-р Миран Мејак, делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 231
15 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Иво Врандечиќ, с. р.

Потпретседател на Соборот на републиките и покраините, **Никола Филиповиќ**, с. р.

Претседател на Сојузниот собор, **Милка Такева-Григориевиќ**, с. р.

465.

Врз основа на член 7 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 43/86 и 71/86), во соработка со извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАШТИТНАТА ЦЕНА ЗА МЛЕКО ЗА 1987 ГОДИНА

1. Во Одлуката за заштитната цена за млеко за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/86) во точка 7 зборовите: „1 јули" се заменуваат со зборовите: „16 мај".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 141
14 мај 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Бранко Микулиќ, с. р.

466.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ВИЈЧАНИ СТОКИ

Член 1

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престануваат да важат југословенските стандарди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1. Клинци за забивање со пиштол. Клинци со навој — — — — — — — — — — JUS M.B4.220
2. Клинци за забивање со пиштол. Клинци со навој и нарецкано стебло — — JUS M.B4.221
3. Клинци за забивање со пиштол. Клинци со дупка во главата — — — — — JUS M.B4.224
4. Клинци за забивање со пиштол. Клинци со дупка во главата и со нарецкано стебло — — — — — — — — — — — — — JUS M.B4.225
5. Клинци за забивање со пиштол. Вотици за клинци — — — — — — — — — — JUS G.E9.220
6. Технички прописи за изработка и испорака на клинци за забивање со пиштол — — — — — — — — — — — — — — — — JUS M.B4.210

донесени со Решението за југословенските стандарди за вијци и навртки („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/68).

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/84
31 март 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с.р.

467.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА СПОЈКИ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА, МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ВОЗИЛА И САМООДНИ РАБОТНИ МАШИНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за спојки на моторни возила, моторни и приклучни возила, земјоделски возила и самоодни работни машини кои ги имаат следните називи и ознаки:

1. Спојки за моторни возила, трактори и самоодни работни машини. Термини и дефиниции — — — — — — — — — — — JUS M.N3.320
2. Моторни и приклучни возила, земјоделски возила и самоодни работни машини. Кочење. Номенклатура, термини и дефиниции — — — — — — — — — — — — JUS M.N4.810

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на спојки на моторни возила, моторни и приклучни возила, земјоделски машини и самоодни работни машини што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/54
11 февруари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

468.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ВОЗИЛА ЗА ВНАТРЕШЕН ТРАНСПОРТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за возила за внатрешен транспорт кои ги имаат следните називи и ознаки:

1. Возила за внатрешен транспорт. Самоодни возила. Технички услови за безбедност — — — — — — — — — — — — JUS Z.S3.210

2. Возила за внатрешен транспорт. Самоодни возила. Симболи за командни уреди — — — — — — — — — — — — — — JUS Z.S3.211

3. Возила за внатрешен транспорт. Влечни возила. Дефиниција и номинална сила — — — — — — — — — — — — — — — JUS Z.S3.217

4. Возила за внатрешен транспорт. Контрола и поправка на виљушки во експлоатација на виљушкарите — — — — JUS Z.S3.232

5. Возила за внатрешен транспорт. Челни виљушкари. Стабилност. Основни испитувања — — — — — — — — — — — JUS Z.S3.233

6. Возила за внатрешен транспорт. Виљушкари со поместлив уред за дигање или со поместлива виљушка и виљушкари со виљушка помеѓу надолжните носачи. Испитување на стабилност — — — — — JUS Z.S3.234

7. Возила за внатрешен транспорт. Виљушкари со прекривни виљушки и возила со платформи за високо дигање. Испитување на стабилноста — — — — — — JUS Z.S3.235

8. Возила за внатрешен транспорт. Возила што работат во специјални услови за слагање, со уред за дигање со наклон напред. Испитување на стабилноста — — JUS Z.S3. 239

9. Возила за внатрешен транспорт. Возила со високо дигање и со место за возачот. Штитник на возачот. Технички услови и испитувања — — — — — — — JUS Z.S3.241

10. Самоодни возила за внатрешен транспорт. Барања за механичка отпорност на елементи на работните кочници — JUS Z.S3.250

11. Самоодни возила за внатрешен транспорт. Возила со високо дигање, со ниско дигање и без дигање. Капацитет на кочење — — — — — — — — — — — — — — JUS Z.S3.251

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на возила за внатрешен транспор што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Решението за југословенскиот стандард за испитувањето стабилноста на виљушкарите („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/67).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/55
11 февруари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с.р.

469.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за обработка на податоци кои ги имаат следните називи и ознаки:

1. Обработка на податоци. Единици за внесување на податоци. Тастатура со 47 тастери за словенечко и хрватскосрпско латинично писмо — — — — — — — — — — JUS I.K1.002

2. Обработка на податоци. Единици за внесување на податоци. Тастатура со 47 тастери за српскохрватско кирилично писмо — — — — — — — — — — — — — — JUS I.K1.003

3. Обработка на податоци. Единици за внесување на податоци. Тастатура со 47 тастери за македонско кирилично писмо JUS I.K1.004

4. Обработка на податоци. Единици за внесување на податоци. Тастатура со 47 тастери за збир на меѓународни знаци — JUS I.K1.009

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на обработка на податоци од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Овој правилник влегува во сила на 1 јануари 1989 година.

Бр. 07-93/56
11 февруари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с.р.

470.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПЕСТИЦИДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за пестициди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1. Пестициди. Родентициди. Вообичаени називи, хемиски називи и синоними JUS H.P0.009
2. Испитување на пестицидите. Дитиокарбамати. Определување на содржината на активната супстанција — — — — — JUS H.P8.062.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенските стандарди од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/53
11 февруари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с.р.

471.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за обезбедување на квалитетот кои ги имаат следните називи и ознакии:

1. Обезбедување на квалитетот. Термини и дефиниции — — — — — — — — — JUS A.K0. 001
2. Управување со квалитетот и стандарди од областа на управувањето со квалитетот и обезбедувањето на квалитетот. Упатство за избор и користење — — — — JUS A.K1 010
3. Елементи за управувањето со квалитетот и елементи на системите на квалитетот — — — — — — — — — — — — — — JUS A.K1. 011
4. Системи на квалитетот. Модел за обезбедување на квалитетот во фазите на конструирањето (развојот, производството, вградувањето и сервисирањето) — — JUS A.K1. 012
5. Системи на квалитетот. Модел за обезбедување на квалитетот во фазите на производството и вградувањето — — — JUS A.K1. 013
6. Системи на квалитетот. Модел за обезбедување на квалитетот во фазите на завршната контрола и испитувањето — — JUS A.K1. 014

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенските стандарди од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/82
30 март 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

472.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за здравствената исправност за животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/78 и 58/85), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА НАЧИНОТ НА ЗЕМАЊЕ МОСТРИ И МЕТОДИТЕ ЗА ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на земање мостри и методите на бактериолошки, вирусолошки, биолошки, паразитолошки, физички, физичко-хемиски, хемиски и радиолошки анализи и суперанализа на водата за пиење.

II. ЗЕМАЊЕ МОСТРИ

Член 2

Мостри на вода за бактериолошка анализа се земаат во чисти стаклени шишиња со зафатнина од 250 ml и 1000 ml, претходно стерилизирани во сув стерилизатор на температура од 433-453 K (160-180°C) во траење од еден час или во автоклав на 394 K (121°C) во траење од 15 минут, претходно затворени со стаклени, пластични или гумени затиначи преку кои се ставени капички од алуминиумска фолија. Во шишиња за земање хлорирана вода со зафатнина од 250 ml пред стерилизација се ставаат 0,15 ml, а во шишиња од 1000 ml 0,6 ml 5% раствор на натриум-тиосулфат ($Na_2S_2O_3$) заради редукција на хлорот.

Мостри на вода за бактериолошка анализа можат да се земат и во пластични шишиња за еднократна употреба, кои претходно се стерилизирани со етилен оксид или со радијации.

При земањето мостри на вода од водоводот, славината се опалува со пламен од лабораториска ламба или со пламен од вата натопена во денатуриран алкохол (или добро се избришува со вата натопена во 70% денатуриран етил-алкохол) и се пушта водата да тече три до пет минути. Кога шишето ќе се наполни до 3/4 од зафатнината, се затвора внимателно со затинач, се враќа заштитната капичка и се врзува со канап.

Мостри на вода од копани бунари, резервоари и цистерни се земаат со помош на посебна опрема (шишиња за длабинско земање на мостри) или со шише оптоварено со тег, од длабочина од 50 cm под површината на водата.

Мострите на вода се транспортираат во разладни уреди и се донесуваат во лабораторија најдоцна 6 часови по земањето.

Мострите на вода што ќе се засеат во рок од еден час од земањето не мораат да се транспортираат во ладилник.

Примените мостри веднаш се засејуваат во лабораторија, во спротивност, мораат да се држат во фрижидер на температура од 277 K (4°C). Така чуваните мостри мораат да се засеат во рок од 12 часови.

Мострите на вода, која на теренот е обработена со методата мембран-филтер и веќе засеана на подлога, се транспортираат без разладни уреди. Ако надворшената

температура е повисока од 298 K (25°C) а транспортот трае подолго од два часа, потребно е да се обезбеди разладен уред.

Член 3

Мострите на вода за вирусолошка анализа се земаат во пластични садови од 10 l. кои претходно се стерилизирани со етилен оксид или со радијации. Во разладни уреди се доставуваат во лабораторијата во рок од шест часови, но не подолго од 12 часови. Прегледот во лабораторијата се врши веднаш, во спротивност, мострите се центрифугираат, подготуваат и се чуваат смрзнати до засејувањето.

Член 4

Мострите на вода за утврдување на присуството на планктони се земаат со планктонска мрежа N°25 и со шише за длабинско земање на мостри со зафатнино од 100 ml. За анализа на фауната од дното се земаат седименти со Екманов багер од неистечни базени и од крајбрежниот регион на истечни води, а со Петерсонов багер и од поголеми речни системи. По просејувањето низ сито со големина на порите 0,5 cm, материјалот се пренесува во пластични тегли до 0,25-1 l. Фауната на планинските водотеци се собира со Сарберова мрежа и директно се става во пластични садови.

Член 5

Мостри на вода за физичко-хемиска и паразитолошка анализа се земаат во хемиски чиста, добро измиено стаклено шише или во шише од хемиски инертна пластика од најмалку еден литар, ако се работи основна или проширена анализа односно анализа според Прилозите I и II што се отпечатени кон овој правилник и претставуваат негов составен дел. За изработка на периодични и други анализи со поголем број состојки мостри на вода се земаат во количина од најмалку пет литри. За определување на нестабилните параметри се земаат и мостри во одвоени садови и се конзервираат според аналитичката метода. Пред земањето на мострата, водата од славината се пушта да тече три до пет минути, а потоа шишето се измива најмалку трипати со водата што треба да се прегледа. При полнењето на шишето се остава мал простор од 10 до 25 ml, а потоа шишето добро се затвора. Ако контактот со воздухот предизвика промени во концентрацијата или во карактеристиките на состојките што треба да се определат шишето се полнат до врвот.

За определување на фенолни супстанции мостра на вода се зема во чисто стаклено шише од еден литар и веднаш се донесува во лабораторија, во спротивно, на хлорирана вода ѝ се додава феросулфат или натриум арсенит и се конзервира со закиселување на pH 4 со фосфорна киселина со метил-оранж и со додавање на 1 g бакар-сулфат, а на нехлорирана бакар-сулфат и фосфорна киселина.

За определување на цијаниди мостра на вода се зема во пластично шише од еден литар и се забазува со NaOH до pH 12. За определување на минерални масла мостра на вода се зема во чисто стаклено шише од најмалку еден литар со стаклен затинач, измиено во хромсулфурна киселина, исушено и исплакнато со CCl_4 или со фреон 113.

За другите состојки, средства за конзервирање се додаваат според прилогот број II.

При земањето мостри на вода, на местото на земањето задолжително се мери температурата на водата и се определуваат органолептичките својства, а нестабилните соединенија се конзервираат.

Мострите на вода истиот ден се доставуваат во лабораторија и, по правило, веднаш се земаат во обработка, во спротивно мострите мораат да се конзервираат и чуваат во разладен уред на температура од 277 K (4 °C).

Член 6

За радиолошка анализа се земаат најмалку три литри вода во чист стаклен или пластичен сад и во рок од пет дена се доставувати во лабораторија.

Член 7

На шишето за земање мостри се става налепница со следните податоци: назив на објектот од кој е земена мострата, место и датум. На мострите на вода за бактерилошка и вирусолошка анализа задолжително се става и часот на земање на мострата и проверката на резидуален хлор.

Кога тоа го бараат посебни околности, мострата на вода може да се достави и под шифра, но мора да се назначи кој вид на анализа се бара во согласност со прописот за хигиенската исправност на водата за пиење.

Ако во налогот не се назначи која анализа се бара ќе се изврши само основна анализа на водата.

III. МЕТОДИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АНАЛИЗИ И СУПЕРАНАЛИЗИ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Член 8

Бактерилошка, вирусолошка, биолока и паразитолошка анализа на водата за пиење се вршат според методите што се дадени во прилогот III, кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Физичка, физичко-хемска и хемиска анализа на водата за пиење се врши според методите дадени во прилогот I, кој е отпечатен кон овој правилник и прететвува негов составен дел.

Хемиска анализа на водата за пиење се врши според методите што се дадени во Прилогот V кој е отпечатен кон овој правилник и претставува негов составен дел.

Член 9

Здравствената организација и друга овластена организација на здружен труд која врши анализа на водата за пиење мора да ги исполнува условите во поглед на кадрите и мора да има соодветни уреди и опрема, лабораториски прибор за вршење на анализа според методите прошишани со овој правилник и соодветни простории за работа.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3495/2-85
6 февруари 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
труд, здравство и социјална
заштита,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

Прилог I

ЗАФАТНИНА НА МОСТРАТА ПОТРЕБНА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ОСОБИНИ ИЛИ СОСТОЈКИ ВО ВОДАТА

Физичко-хемиски испитувања	Зафатнина на мострата, ml
Боја и миризба[б]	100 – 500
Електролитичка спроводливост[б]	100
Матност[б]	100 – 1000
pH, електрохемиски[в]	100
Радиоактивност	3000 – 5000
Температура[б]	протечно
Хемиски испитувања	
Растворени гасови:	
Амонијак, NH_3	500
Хлор,[в] слободен Cl_2	200
Кислород,[в] O_2	500 – 1000
Сулфурдиоксид,[в] слободен SO_2	100
Јеглендиоксид,[в] слободен CO_2	200
Водород,[в] H_2	1000
Водород-сулфид,[в] H_2S	500
Други состојки:	Зафатнина на мострата[а], ml
Азот, органски	500–1000
Амини, испарливи во филмски слој	500–1000

Детерџенти	1000–5000
Фенолни соединенија	800–4000
Хемиска потрошувачка на кислород, дихрометна метода	100–200
Хидразин[в]	50–100
Хлор, вкупен резидуален Cl_2 (опфатени OCl^- HOCl, NH_2Cl, $NHCl_2$)	200
Материи што се екстрахираат со растворувачи	1000–25000
Микроорганизми	250–1000
pH, колориметриски	10–20
Полифосфати	100–200
Потрошувачка на хлор	2000–4000
Силикати	50–1000
Суспендирани материи	50–1000
Тврдост	50–100
Јаглендиоксид, вкупен CO_2 (опфатени CO_3^{2-}, HCO_3^- и слободни)	200
Масла (растворливи во јаглен-тетрахлорид, или 1,1,2-трихлор-трифлуоретан)	1000–5000

Катјони:	Зафатнина на мострата[а], ml
Алуминиум, Al (III)	100 – 1000
Амониум, NH_4^+	500
Антимон, Sb (III) до Sb (V)	100 – 1000
Арсен, As (III) до As (V)	100 – 1000
Бакар, Cu (II)	200 – 4000
Бариум, Ba (II)	100 – 1000
Цинк, Zn (II)	100 – 1000
Железо[в], Fe (II) и Fe (III)	100 – 1000
Хром, Cr (III) до Cr (VI)	100 – 1000
Кадмиум, Cd (II)	100 – 1000
Калај, Sn (II) и Sn (IV)	100 – 1000
Калциум, Ca (II)	100 – 1000
Калиум, K (I)	100 – 1000
Магнезиум, Mg (II)	100 – 1000
Манган, Mn (II) до Mn (VI)	100 – 1000
Натриум, Na (I)	100 – 1000
Никел, Ni (II)	100 – 1000
Олово, Pb (II)	100 – 4000
Сребро, Ag (I)	100 – 1000
Стронциум, Sr (II)	100 – 1000
Жива, Hg (I) и Hg (II)	100 – 1000

Анјони:	
Бикарбонати, HCO_3^-	100 – 200
Бромиди, Br^-	100
Цијаниди, CN^-	500 – 1000
Флуориди, F^-	200
Фосфати, орто, PO_4^{---}, HPO_4^{--} $H_2PO_4^-$	50 – 100
Хидроксиди, OH^-	50 – 100
Хлориди, Cl^-	100 – 200
Јодиди, J^-	100
Карбонати CO_3^{--}	100 – 200
Нитрати, NO_3^-	10 – 100

Анјони:	Зафатнина на мострата[а], ml
Нитрити, NO_2^-	50 – 100
Сулфати, SO_4^{--}	100 – 1000
Сулфиди[в] S^{--}, HS^-	100 – 500
Сулфити[в], SO_3^{--}	50 – 100

[а] Зафатнините дадени во оваа табела се препоручуваат како ориентациони за неопходна количина на мостра за одделни анализи. Точната зафатнина што се зема и одговара на пропишаната зафатнина во стандардните методи за таа анализа.

[б] Аликвотот може да се користи за други определувања.

[в] Мостри со нестабилни параметри можат да се земат во одвоени садови кои се полнат до врвот, и се конзервираат како што е пропишано, со обезбедување од кое и да е влијание.

Прилог II

УСЛОВИ ЗА КОНЗЕРВИРАЊЕ НА ВОДАТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПРИРОДАТА НА ПАРАМЕТАРОТ ШТО СЕ ОПРЕДЕЛУВА И ОД ПРИМЕНЕТАТА МЕТОДА

Конзервирање на мострите треба да се изведе непосредно по нивното земање. Во зависност од карактерот на одделни состојки, често не е потребно мострата да се конзервира, а понекогаш тоа е задолжително. Наведените постапки на конзервирање на мострите можат да се применуваат само при работа според усвоените методи за анализа на мострите на вода. Другите услови при земањето на мостри (начинот на подготвување на садови, специјални постапки и друго), се дадени одделно при описот на методите за изведување на анализи и воопштено во Правилникот за начинот на земање мостри и методите за лабораториска анализа на водата за пиење.

Параметар	Количина на средствата за конзервирање по литар вода	Рок за изведување на анализата
1	2	3
ЛИСТА III		
Температура	Не е дозволено	Веднаш при земање на мострата
Миризба	Не е дозволено	Најдоцна за два часа
Вкус	Не е дозволено	Најдоцна за два часа
Матност	Не е дозволено	Што побрза, истиот ден
Боја	Чување на 277,16 K (4°C)	За 24 часа
pH-вредност	Не е дозволено	За 24 часа
Вкупен остаток по испарување	Не е дозволено (Види ја постапката)	Најдоцна по три дена при чување на 276,16 – 277,16 K (3–4°C)
Суспендирани супстанции	Не е дозволено	Најдоцна за 24 часа
Потрашувачка на $KMnO_4$	а) Чување при 276,16 – 277,16 K (3–4°C)	Најдоцна за 24 часа
	б) 2 ml H_2SO_4 (1 : 2) на 100 ml мостра	Најдоцна за 24 часа
Потрошувачка на $K_2Cr_2O_7$ (HPK)	H_2SO_4 до pH < 2	Најдоцна за 24 часа
Електролитичка спроводливост	Не е дозволено	Веднаш по земањето на мострата
Кислород O_2	Види ја постапката	Види ја постапката

1	2	3
Алкалитет	Не е дозволено	Најдоцна за 24 часа, со тоа што шишето да биде наполнето до затиначот и да се чува на околу 277,16 K (4°C)
ЛИСТА IV		
Алуминиум*	МЕТОДА А: а) Непотребно	Најдоцна два часа по земањето на мострата
	б) Види ја постапката МЕТОДА Б:	Како кај МЕТОДАТА А
	а) Како кај МЕТОДАТА А	
	б) HNO_3 или HCl до pH < 2	Што побрзо
Амонијак и амониум	МЕТОДИ А-Д: а) Не се конзервира	Непосредно по земањето на мострата
	б) Да се чува на 276,16–277,16 K (3–4°C)	Истиот ден
	в) 1 ml конц. H_2SO_4	Во рок од 24 часа при чување на 276,16 –277,16 K (3–4°C)
Антимон	МЕТОДИ А и Б: HCl до pH < 2 (за вкупен Sb)	Не е ограничен
Арсен	МЕТОДА А: За вкупен As: конц.	Што побрзо
	HNO_3 до pH < 2 МЕТОДА Б: HCl до pH < 2 (За вкупен As)	
Азбест	Не се конзервира	
Азот-вкупен	а) 1ml конц. H_2SO_4	Најдоцна за 24 часа
	б) 2–4 ml $CHCl_3$	Најдоцна за 24 часа
Бакар**	МЕТОДИ А-Г: конц. HCl до pH 4 и 2 ml во вишок	Не е ограничен
Бариум	2ml конц. HCl	Не е ограничен
Берилиум	за вкупен Be: конц. HNO_3 до pH < 2 (Види ја постапката)	–
Борати*	МЕТОДИ А и Б: Не се конзервира	Што побрзо
Бромиди	МЕТОДИ А–В: Не се конзервира	Што побрзо
Цијаниди	МЕТОДИ А и Б: NaOH до pH 12, со чување на околу 277,16 K (4°C) (Види ја постапката)	Најдоцна за 24 часа
Цинк	МЕТОДИ А и Б: За вкупен Zn: конц. HCl или H_2SO_4 до pH < 2; (Види ја постапката за изведување на методата)	Не е ограничен
	МЕТОДА Ц: За вкупниот Zn: конц. HNO_3 до pH < 2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
Детергенти*	АНЈОНАКТИВНИ МЕТОДА А: конц. H_2SO_4 до pH < 2 или 2–4 ml $CHCl_3$	Што побрзо
	МЕТОДА Б: 5 ml 1%-тен раствор на $HgCl_2$	Што побрзо
	НЕЈОНОГЕНИ: Како кај МЕТОДА Б	Што побрзо
Феноли	МЕТОДА А: а) при концентрација на фенолот над 100 mg/l не треба да се конзервира; чување при 276,16–277,16 K (3–4°C)	Што побрзо
	б) при концентрација на фенолот под 100 mg/l (Види ја постапката)	Види ја постапката
	МЕТОДА Б: (Види ја постапката)	7 дена при чување на 277,16 K (4°C)
Флуориди	МЕТОДИ А–В: Не се конзервира: (Види ја постапката)	Што побрзо

1	2	3
Фосфати	МЕТОДИ А-В: За вкупните фосфати не се конзервира	Што побрзо
	За одделни видови фосфати: а) Не се конзервира	Веднаш по земањето на мострите
	б) 40 mg $HgCl_2$: чување при 277,16 K (4°C)	Што побрзо
Формалдехид	Не се конзервира (Види ја постапката)	Веднаш по земањето на мострите
Железо**	МЕТОДА А: а) Вкупно Fe: 40 ml HCl (Види ја постапката)	Не е ограничен
	б) Различни форми на Fe (Види ја постапката)	Веднаш по земањето на мострата
	МЕТОДА Б: За вкупното Fe: 40 ml HCl (Види ја постапката)	Не е ограничен
	МЕТОДА В: За вкупно Fe: конц. HNO_3 до pH<2	Не е ограничен
Хидразин	Конц. HCl до pH<2 (Види ја постапката)	Чување на 277,16 K (4°C) Што побрзо
Хлор-диоксид, ClO_2	Не е дозволено	Веднаш по земањето на мострата
Хлор, резидуален	Не е дозволено (Види ја постапката)	Веднаш по земањето на мострата
Хлориди	Не се конзервира	Не е ограничен
Хром**	МЕТОДА А: За вкупните количини на одделни форми на Cr (III) или Cr (VI): HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
	МЕТОДА Б: Конц. HCl до pH<2 (Вкупен Cr)	
Јодиди	Не се конзервира; чување при 3-4°C	Што побрзо
Кадмиум**	МЕТОДИ А-Ц: За вкупниот Cd: конц. HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
Калциум	МЕТОДИ А и Ц: За вкупни Ca: конц. HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	Што побрзо
Калиум*	Не се конзервира	Што побрзо
Кобалт	МЕТОДА А: За вкупниот Co: конц. HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
	МЕТОДА Б: Како А само HCl	
Магнезиум	МЕТОДА А: За вкупниот Mg: конц. HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
	МЕТОДА Б: Конц. HCl до pH<2; (вкупен Mg)	
Манган**	МЕТОДИ А и Б: (Види ја постапката)	Види ја постапката
Минерални масла**	МЕТОДА А: а) не се конзервира (Види ја постапката)	Непосредно по земањето на мострата
	б) H_2SO_4 (1:L) до pH=2	Што побрзо
Молибден	МЕТОДА А: За вкупниот Mo: HNO_3 до pH<2; (Види ја постапката)	Не е ограничен
Натриум*	Не се конзервира: (Види ја постапката)	Што побрзо
Никл	МЕТОДИ А и Б: За вкупниот Ni конц. HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен

1	2	3
Нитрати	МЕТОДА А: а) не се конзервира	Истиот ден
	б) 1 ml заситен раствор на $HgCl_2$	До две недели
	МЕТОДА Б: а) не се конзервира	Истиот ден
	б) 1 ml конц. H_2SO_4	Истиот ден
	МЕТОДА В: Не се конзервира	Истиот ден
Нитрити	МЕТОДА А: а) Не се конзервира	Најдоцна за два часа
	б) 1 ml заситен раствор на $HgCl_2$	До две недели
	в) Чување на 3-4 °С	Истиот ден
	МЕТОДА Б: а) и в) како МЕТОДА А	а) и в) како МЕТОДА А
	б) 5 ml $CHCl_3$ (Види ја постапката)	
Олово	МЕТОДИ А–В: За вкупното Pb: конц. HNO_3	Не е ограничен
	до pH<2 (Види ја постапката)	
	МЕТОДА Д: За вкупно Pb: конц. HCl до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
Органохлорни соединенија	Да се чува на 276,16-277,16 К (3-4 °С) (Види ја постапката)	
Органски јаглерод	Да се чува на 276,16-277,16 К (3-4 °С) (Види ја постапката)	Што побрзо
Озон	Не е дозволено	Непосредно по земање на мострата
Селен**	МЕТОДА А: Конц. H_3PO_4 до pH>1-2	
	МЕТОДИ Б–Ц: Конц. HNO_3 до pH<2; (Види ја постапката)	Што побрзо
Силикати*	МЕТОДИ А и Б: Не се конзервира (Види ја постапката)	Мострата да се земе во полиетиленско шише
Сребро	МЕТОДИ А и Б: За вкупно Ag: конц. HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
Скроб и шеќери	Да се чува при 276,16-277,16 К (3-4 °С)	Во текот на 24 часа
Сулфати	МЕТОДИ А–В: а) Не се конзервира	Што побрзо
	б) Чување на 276,16-277,16 К (3-4 °С)	Што побрзо
	в) 2-4 ml $CHCl_3$	Не е ограничен
	МЕТОДА Б: Конц. HCl до pH<2	Не е ограничен
Сулфиди	МЕТОДА А: 4 капки 1 М раствор $Zn(CH_3COO)_2 + NaOH$	Мострата да се земе во посебно шише кое веќе содржи $Zn(CH_3COO)_2$
	до pH 7-8 (на 100 ml) (Види ја постапката)	Што побрзо
Сулфити	Не се конзервира	Што побрзо
Сулфурводород	Види „Сулфиди"	
Тиоцијанати	Не се конзервира	Во текот на 24 часа
Јагленоводороди ароматични	Чување на 276,16-277,16 К (3-4 °С)	Во текот на 24 часа
Ванадиум	МЕТОДИ А и В: Конц. HCl до pH<2 (Види ја постапката)	Не е ограничен
	МЕТОДА Б: Не е дозволено	Што побрзо
Жива**	МЕТОДА А: За вкупната Hg: конц. HNO_3 до pH<2 (Види ја постапката)	До 38 дена при чување во стаклено шише и до 13 дена при чување во полиетиленско шише

* При изборот на садот за мострата мора да се води сметка да биде можно целење на оваа супстанца од ѕидовите на садот.
** Можна е адсорпција на супстанцата на ѕидовите на садот. Конзервирање со додавање киселина на мострите кои покрај другото содржат цијаниди е можно само со посебна обработка на мострата.

Прилог III

МЕТОДИ ЗА БАКТЕРИОЛОШКИ, ВИРУСОЛОШКИ, БИОЛОШКИ И ПАРАЗИТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

ВИД (ГРУПА) НА БАКТЕРИИ	МЕТОДИ НА ИСПИТИВАЊЕ
1	2
1. Вкупни колиформни бактерии (УК)	– Определување на највероjатниот број (MPN) у 100 ml во LAP или Mc Conkey. Потврден и завршен оглед со идентификација на колиформните бактерии, или – Определување на бројот во 100 ml со мембран филтер со методата на (MF) на ENDO, E. M. Б. или на друга подлога со лактоза. Идентификација како за MPN. Инкубација на примарните подлоги 310,16 K (37 °C), 24-48^{h}.
2. Колиформни бактерии од фекално потекло (ФК)	– MPN се определува на подлогата Mc Conkey, со идентификација ФК. Инкубација на примарните подлоги на 316,16 – 317,16 K (43-44 °C), или – Определување на бројот во 100 ml МФ на Mc Conkey агар. Инкубација на 316,16 – 317,16 K (43-44 °C), 24^{h}. Идентификација како за MPN.
3. Вкупен број на аеробни мезофилни бактерии во единица ml	– Засејување на еден ml децимални разредувања во хранлив агар и броење на израснатите колонии. Инкубација 310,16 K (37 °C), 48^{h}.
4. Стрептококи од фекално потекло (ФС)	– Определување на MPN во 100 ml во бујон со NaN_3 (натриум-азид) со потврден оглед на агар за стрептокок и со каталаза тест и со идентификација според потреба или – Определување на бројот на МФ во 100 ml на агар за стрептокок. Потврден и завршен тест како претходниот, инкубација на 310,16 K (37 °C).
5. Протеус видови	– Од епрувети за MPN за колиформи да се пресее културата на агар подлога со лактоза. Идентификација на сомнителните колонии со биохемиски тестови и со фенил фенил аланин тест. Инкубација 310,16 K (37 °C).
6. Сулфиторедуцирачки клостридии (СРКЛ)	– Определување на бројот на црни колонии во сулфитен агар во 100 ml вода; потврден оглед – супкултура на црните колонии на крвен агар во аеробни и анаеробни услови при 310,16 K (37 °C), 24^{h}. Идентификација на клостридиите според потреба.
7. Псеудомонас-аеругиноза	– MPN на LAP во 100 ml. Потврден оглед на King A подлога на 315,16 K (42 °C), 24 часа. Докажување на пиоцианин со хлороформ или – МФ на King A подлога, инкубација 315,15 K (42 °C) 48 часа. Потврден оглед: тест со хлороформ или и други тестови за идентификација.
8. Салмонели	– МФ, 1000-2000 ml мостра, мембраната се сече, се става во селективен бујон или во два селективна бујона и на селективна агар-подлога (SS, бизмут-сулфити). Инкубација на 310,16 K (37 °C) и 316,16 K (43 °C).
9. Шигели	– МФ, 1000-2000 ml мостра, мембраната се сече и се става во бујон GN за збогатување и на селективен агар: ксилоза-лизин-деоксихолат или SS. Инкубација на 310,16 K (37 °C).
10. Ентеровируси	– Концентрирање со филтрација, флокулација или центрифугирање, а потоа идентификација. – Утврдувањето се врши на примарна култура на ќелии од бубрегот на мајмун или на хуман ембриионален бубрег со додаток на хранлива подлога. – Инфективна единица на вирусот се определува со титрацијом на вирусот со методата на плакови или со методата TCID 50 на истите култури.
11. Бактериофаги	– Инактивација на 100 ml мостри на вода на 333,16 K (60 °C), со умножување на фарот во хранлив бујон со осетлив сој (E. coli, Sh. flexner). Докажување на фагот со методата на плак со осетлив сој.
12. Цревни протозои (Entamoeba histolytica, Entamoeba coli, Lamblia intestinalis), Crevni helminti i nivni razvojni formii (jajca, larvi)	Концентрирање со филтрација на мембрана, микроскопско испитување, тест за испитување на патогеноста.
13. Биолошки индикатори	– Одредување на паразити, како и на планктонски и бентални организми се врши со помош на постојните клучеви за определување на растителни и животински видови, а утврдување на степенот на сапробност врз основа на сапробниот индекс според методата на Pantel-Bück.
14. Феругинози	– Со методата на таложење на стаклена плочка со микроскопска идентификација или културелно на собна температура.

Прилог IV

МЕТОДИ ЗА ФИЗИЧКО, ФИЗИЧКО-ХЕМИСКИ И ХЕМИСКИ ПРЕГЛЕД НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Физички, физичко-хемиски показатели	Методи на испитување
1. Температура	Со термометри со поделоци од 0,1 степен
2. Миризба	Органолептички на собна температура од 298,16 K (25°C) и на температура од 313,16 K (40°C)
3. Вкус	Органолептички на ладно, на 285,16 K (12°C) и на собна температура од 298,16 K (25°C)
4. Матност	Турбидиметриски со силикатном земја Нефелометриски според стандарден формазински полимер
5. Боја	Колориметриски со помош на Pt-Co скала Колориметриски со компаратор
6. pH – вредност	Електрохемиски Колориметриски
7. Вкупен остаток по испарување на 378,16 K (105°C)	Гравиметриски
8. Суспендирани цврсти супстанции на 378,16 K (105°C)	Гравиметриски
9. Потрошувачка на калиум-перманганат	Со варње во текот на 10 min во кисела средина со $KMnO_4$-сотитрација според Kübel-Tiemann
10. Хемиска потрошувачка на кислород (HPK) од $K_2Cr_2O_7$	Титриметриски
11. Електролитичка спроводливост ($\mu S\ cm^{-1}$) при 293,16 K (20°C)	Кондуктометриски
12. Заситеност со кислород на 293,16 K (20°C), во %	Титриметриски според Winkler со Јон-селективна електрода

Прилог V

МЕТОДИ ЗА ХЕМИСКИ ПРЕГЛЕД НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Хемиски супстанции	Методи на испитување
1. Алуминиум	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Спектрофотометриски
2. Амонијак	Спектрофотометриски со Neslerov реагенс (по дестилација) Спектрофотометриски со Neslerov реагенс (без дестилација) Спектрофотометриски со фенолат-хипохлорит
3. Антимон	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски (преку хидриди) Поларографски
4. Арсен	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски (преку хидриди) Спектрофотометриски со сребро-диетил-дитиокарбамат
5. Азбест (број влакна)	Електронска микроскопија
6. Азот според Kjeldahl	Титриметриски или спектрофотометриски со Neslerov реагенс
7. Бакар	Спектрофотометриски со неокупроин (за ниски и високи концентрации) Спектрофотометриски со купретол Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Со анода „stripping" волтаметрија
8. Бариум	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски
9. Берилиум	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски
10. Бор	Спектрофотометриски со карминска киселина Спектрофотометриски со куркумин
11. Цијаниди	Спектрофотометриски со пиридин и барбитурна киселина со Јон-селективна електрода
12. Цинк	Спектрофотометриски со цинк (за ниски и повисоки концентрации) Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Со анодна „stripping" волтаметрија
13. Детергенти: – анјонски – нејоногени	Спектрофотометриски со метиленско сино Спектрофотометриски-модифицирана Wickbold метода
14. Феноли	Спектрофотометриски со 4-аминоантипирин Гаснохроматографски Течнохроматографски
15. Флуориди	Спектрофотометриски со SPADNS реагенс Спектрофотометриски со цирконоксихлорид и ализарин Со Јон-селективна електрода
16. Фосфати (орто- и поли-)	Спектрофотометриски со амониум-молибдат и аскорбинска киселина Спектрофотометриски со амониум-молибдат при аминоредукција
17. Железо	Спектрофотометриски со о-фенантролин Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Колориметриски со тиоцијанат
18. Хлор, резидуален	Спектрофотометриски со диетил р-фенилен-диамин(DPD) Колориметриски со о-толидин и натриум-арсенит Со метода со о-толидин (теренска)
19. Хлориди	Меркуриметриска титрација Аргентометриска титрацаија Колориметриски со Fe(III)-јон и тиоцијанат Со Јон-селективна електрода
20. Хром (VI, III)	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Спектрофотометриски со дифенилкарбазид Поларографски
21. Кадмиум	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Поларографски

Хемиски супстанции	Методи на испитивање
22. Калциум	Со комплексометриска титрација Атомско-апсорпционо спектрофотометриски
23. Калиум	Пламенофотометриски Атомско-апсорпционо спектрофотометриски
24. Кобалт	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Поларографски
25. Магнезиум	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Со комплексометриска титрација
26. Манган	Спектрофотометриски преку перманганати Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Поларографски
27. Минерални масла*	Инфрацрвено спектрофотометриски
28. Молибден	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски (при екстракција на хелати)
29. Натриум	Пламенофотометриски Атомско-апсорпционо спектрофотометриски
30. Никел	Спектрофотометриски со натриум-диетил-дитиокарбамат
31. Нитрати	Спектрофотометриски со натриум-салицилат Колориметриски са бруцин Со ултравиолетова метода
32. Нитрити	Спектрофотометриски со алфа-нафтил-амин и сулфанилна киселина Спектрофотометриски со индол
33. Олово	Спектрофотометриски со дитизон Атомско-апсорпционо спектрофотометриски (со екстракција на хелати) Беспламено атомско-апсорционо спектрофотометриски Поларографски
34. Органохлорни соединенија (освен пестициди, PCB, PCT)	Гаснохроматографски Течнохроматографски
35. Пестициди	Гаснохроматографски Течнохроматографски
36. Полиакриламид	Спектрофотометриски со Neslerov реагенс Апсорпционо-фотометриски со помош на калциумкарбонат
37. Полициклични ароматични јаглероди	Флуоросцентно-спектроскопски Гаснохроматографски Течнохроматографски со помош на висок притисок Масеноспектрометриски
38. Полихлорирани бифенили и трифенили	Гаснохроматографски-масеноспектрометриски
39. Селен	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Спектрофотометриски со о-фенилен-диамин
40. Силикати	Спектрофотометриски со амониум-молибдат Атомско-апсорпционо спектрофотометриски
41. Сребро	Спектрофотометриски Беспламено атомско апсорпционо спектрофотометриски Атомско-апсорпционо спектрофотометриски (со екстракција на хелати)
42. Стронциум	Атомско-апсорпционо спектрофотометриски Пламенофотометриски
43. Сулфати	Титриметриски Со комплексометриска титрација Нефелометриски
44. Супстанции растворливи во хлороформ	Со екстракција на хлороформ од неутрална средина
45. Трихалометани	Гаснохроматографски
46. Јаглерод, вкупен органски	Со анализатор за вкупен јаглерод
47. Вкупни масла и масти (по екстракција во јаглен-тетрахлорид или 1,1,2-трихлор-трифлуоретан)	Инфрацрвено спектрофотометриски
48. Уран	Спектрофометриски Атомско-апсорпционо спектрофотометриски
49. Ванадиум	Спектрофотометриско-каталиметриски со гална киселина Спектрофотометриски со N-бензоил-N-фенилхидроксиламин
50. Водород-сулфид	Спектрофометриски со р-аминодиметиланилин Со Јон-селективна електрода
51. Жива	Беспламено атомско-апсорпционо спектрофотометриски
52. Вкупна алфа-активност	Со мерење со помош на нискофонски алфа бројачки уред
53. Вкупна бета-активност	Со мерење со нискофонски уред чија основна активност е максимално два до три импулси во минута
54. Гама активност	Гама спектрометриски
55. Бојни отрови	Гаснохроматографски Ензиматски

* Растворливи во јаглен-тетрахлорид или 1,1,2-трихлор-трифлуоретан.

473.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/78 и 58/85), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ХИГИЕНСКАТА ИСПРАВНОСТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува хигиенската исправност на водата што служи за јавно снабдување на населението како вода за пиење или за производство на животни намирници наменети за продажба (во натамошниот текст: вода за пиење).

Член 2

Поимите употребени во овој правилник ги имаат следните значења:

1) јавно снабдување на населението со вода за пиење е снабдување со вода на повеќе од пет домаќинства односно повеќе од 20 жители, снабдување од сопствени објекти на организациите на здружен труд и на работните луѓе што самостојно со личен труд вршат дејност на производство и промет на животни намирници и снабдување на јавни објекти (училишта, домови на култура, автобуски и железнички станици и др.);

2) еквивалентен жител (ЕЖ) е потрошувачка од 100 литри на ден;

3) природни води на затворени изворишта се:

– хигиенски каптирани природни врутоци и извори (чешми);

– подземни води што на површината избиваат под зголемен притисок (артерски бунари) или механички се извлекуваат со помош на затворени хигиенски системи (субартерки бунари);

– подземни води хигиенски каптирани за водоводни системи;

4) природни води на отворени изворишта се:

– некаптирани врутоци, извори;

– водотеци од I и II класа, езера и акумулации, ако се користат за снабдување со вода за пиење;

– нортон-пумпи (црпки), копани бунари и цистерни;

5) природна вода во оригинална амбалажа (во натамошниот текст: природна вода во шишиња за пиење) е вода со извонредни природни физичко-хемиски, микробиолошки и радиолошки особини која, од хигиенски каптиран извор обезбеден со санитарно-заштитни зони, непосредно на изворот, се полни во стерилна амбалажа, без претходно пречистување и дезинфекција, освен дезинфекција со радијации;

6) акумулација е вештачки изграден систем за собирање на вода, што се користи за јавно снабдување на населението со вода за пиење по соодветно пречистување и дезинфекција;

7) зона на санитарна заштита е земјиште на кое се наоѓа изворишето за снабдување со вода за пиење односно каптажниот објект, уреди за пречистување на вода, резервоари и главни цевоводи до резервоарите и населбите и нивните потесни или пошироки околини што се наоѓаат под санитарен надзор заради заштита на тие објекти односно уреди и заради заштита на водата за пиење од случајно или намерно загадување;

8) изворише е вода и место на кое се зафаќа вода заради јавно снабдување на населението (извор; каптажен бунар, дел од река или езеро, акумулација или нејзин дел);

9) артески бунар е цевен бунар од кој водата избива над површината на земјата под зголемен притисок;

10) субартерски бунар е цевен бунар од кој водата со соодветен хигиенски систем се извлекува над површината на земјата;

11) цевен бунар е секој бунар од кој се добива вода со побивање на цевките издупчени во делот што влегува во водоносниот слој;

12) копан бунар е објект за јавно снабдување на населението со вода за пиење кој настанува со копање на земјиштето до вториот или третиот водоносен слој и кој е ѕидан со камен или со тула и обложен со слој од глина дебела до 30 cm, или со бетонски прстени, така што да е непропустлив до водоносниот слој од кој се користи водата;

13) уреди за пречистување на вода се уреди што се користат за поправка на физичките, физичко-хемиските, хемиските, микробиолошките и радиолошките особини на суровата вода за де се користи како вода за пиење;

14) цистерна е објект за снабдување со вода за пиење кој има најмалку накапна површина, филтер за пречистување на вода и резервоар;

15) уреди за дезинфекција на вода се уреди на кои со примена на хемиски средства и на физички методи се обезбедуваат пропишаните микробиолошки особини на водата за пиење;

16) каптажа е градежен објект со кој на хигиенски начин се зафаќа изворската-подземна, површинската и атмосферската вода заради јавно снабдување на населението со вода за пиење;

17) водовод е систем за снабдување со вода за пиење кој има уредено и заштитено изворише, каптажа, резервоар и водоводна мрежа;

18) водоводна мрежа е систем на цевки за одвод на вода од каптажата или уредите за пречистување на вода до резервоарот и од резервоарот до потрошувачот на вода за пиење. Хидранти и вентили се составен дел на водоводната мрежа;

19) моста на вода е количина на вода земена еднократно на едно место по пропишаната методологија заради лабораториска анализа;

20) земање мостра на вода за пиење е постапка за земање на пропишаните количини вода за лабораториската анализа од одделни објекти за јавно снабдување на населението со вода за пиење;

21) преглед на вода е определување на органолептичките и други особини на водата и лабораториска анализа заради утврдување на хигиенската исправност на водата за пиење во пропишаните временски растојанија;

22) хигенско-епидемиолошки индикации постојат кога поради техничката состојба на објектот за снабдување со вода, состојбата на околината, елементарни непогоди и епидемиолошката ситуација, постои можност да дојде до загадување на водата, со микробиолошки, физички, хемиски или радиолошки фактори;

23) акцидентално (хавариско) загадување на водата е нагол пробив на материи во изворишето или објект за јавно снабдување на населението со вода за пиење или во водата за пиење што настанал како последица од човековата активност во количините што претсавуваат опасност по здравјето на луѓето;

24) вонредна состојба е состојба по елементарна и друга несреќа или по акцидентно загадување на изворишта или водоводите, што ќе ги прогласи надлежната општествено-политичка заедница, кога можат да се применат нормите за водата за пиење што се применуваат во вонредни прилики;

25) радиоактивност е особина на одделни елементи или на нивни соединенија спонтано да емитираат радиоактивни честички со ослободување на енергија.

Член 3

Како хигиенски исправна вода за пиење, во смисла на овој правилник, се смета водата што одговара во поглед на:

1) микробиолошките особини – нормите наведени во Листата I. Микробиолошки особини на водата за пиење и Листата II. Микробиолошки особини на водата за пиење во вонредни прилики;

2) физичко-хемиските и хемиските особини – нормите наведени во Листата III. физички, физичко-хемиски и хемиски особини на водата за пиење;

3) хемиските супстанции – нормите наведени во Листата IV. Максимално дозволени концентрации на хемиски супстанции во водата за пиење;

4) пестицидите – нормите наведени во Листата I. Дозволени концентрации на пестициди во водата за пиење;

5) бојните отрови – нормите од Листата VI. Дозволени концентрации на бојни отрови во водата за пиење за време на воена состојба или во случај на непосредна воена опасност;

6) радиолошките особини – нормите од Листата VII. Радиолошки особини на водата за пиење.

Листите I, II, III, IV, V, VI и VII се отпечатени кон овој правилник и претставуваат негов составен дел.

Член 4

Утврдувањето на хигиенската исправност на водата за пиење од член 3 на овој правилник се врши врз основа на пропишаните методи.

Член 5

Хигиенската исправност на водата за пиење се утврдува со: основен (А), проширен (Б) и периодичен преглед (В), со преглед на водата од нови зафати (Г) и со преглед врз основа на хигиенско-епидемиолошките индикации (Д).

Прегледите, во смисла на став 1 од овој член, ги опфаќаат микробиолошките, физичките, физичко-хемиските и хемиските показатели, и тоа:

1) Микробиолошки показатели се:

Вид на лабораториските прегледи				
Основен (А)	Проширен (Б)	Периодичен (В)	Нови зафати на вода (Г)	Хигиен. епидем. индикац. (Д)
1. Вкупни колиформни бактерии	1. Вкупни колиформни бактерии	1. Вкупни колиформни бактерии	1. Вкупни колиформни бактерии	1. Вкупни колиформни бактерии
2. Колиф. бак. од фекално потекло	2. Колиф. бак. од фекално потекло	2. Колиф. бак. од фекално потекло	2. Колиф. бак. од фекално потекло	2. Колиф. бак. од фекално потекло
3. Вкуп. број на аеробни мезофилни бактерии	3. Вкуп. број на аеробни мезофилни бактерии	3. Вкуп. број на аеробни мезофилни бактерии	3. Вкуп. број на аеробни мезофилни бактерии	3. Вкуп. број на аеробни мезофилни бактерии
	4. Стрептококи од фекално потекло	4. Стрептококи од фекално потекло	4. Стрептококи од фекално потекло	4. Стрептококи од фекално потекло
	5. Протеус видови	5. Протеус видови	5. Протеус видови	5. Протеус видови
	6. Сулфито- редукциски клостридии	6. Сулфито- редукциски клостридии	6. Сулфито- редукциски клостридии	6. Сулфито- редукциски клостридии
		7. Псеудомон. на аеругинос	7. Псеудомон. на аеругинос	7. Псеудомон. на аеругинос
		8. Ентервируси** (ако изворишето е површ. вода)	8. Ентервируси (ако изворишето е површ. вода)	8. Патогени микроорганизми според хигиенско-епид. индикации
		9. Биолошки индикатори**	9. Феругинози*	
		10. Бактериофаг**	10. Бактериофаги***	
		11. Цревни протозои и хелминти и нивни развојни форми**	11. Цревни протозои и хелминти и нивни развојни форми***	

* Квалитативно, ако во водата има железо (Fe) и манган (Mn) над MDK
** Само од површинските води, според хигиенско-епидемиолошките индикации
*** Само од површинските води

2) Физички, физичко-хемиски и хемиски показатели

Вид на лабораториското прегледа				
Основен (А)	Проширен (Б)	Периодичен (В)	Нови зафати на водата (Г)	Хигиен. епидем. индикац. (Д)
Температура	Температура	Температура	Температура	Температура
Боја	Боја	Боја	Боја	Боја
Миризба	Миризба	Миризба	Миризба	Миризба
Вкус	Вкус	Вкус	Вкус	
Матност	Матност	Матност	Матност	Матност
pH	pH	pH	pH	pH
Потрош. $KMnO_4$	Потрош. $KMnO_4$	Потрош. $KMnO_4$	Потрош. $KMnO_4$	Потрош. $KMnO_4$
	Остат. на испар.	Остат. на испар.	Остат. на испар.	Остат. на испар.
	Елек. спров.	Елек. спров.	Елек. спров.	Елек. спров.
Амонијак	Амонијак	Амонијак	Амонијак	Амонијак
Хлор. резид.	Хлор. резид.	Хлор. резид.		Хлор. резид.
Хлориди	Хлориди	Хлориди	Хлориди	Хлориди
Нитрити	Нитрити	Нитрити	Нитрити	Нитрити
Флуориди*	Нитрати	Нитрати	Нитрати	
	Железо	Железо	Железо	
	Манган	Манган	Манган	
		Детергенти**	Детергенти	
		Феноли**	Феноли	
		Флуориди	Флуориди	
		Олово	Олово	
		Сулфати	Сулфати	
			Алуминиум	Други показатели според хигиенско-епидемиолошките индикации
			Бакар	
			Цијаниди	
			Цинк	
			CO_2	
			Фосфати	
			Хром III, VI	
			Јод	
			Кадмиум	
			Калциум	

Основен (А)	Проширен (Б)	Периодичен (В)	Нови зафати на водата (Г)	Хигиjен. епидем. индикац. (Д)
			Калиум	
			Кислород	
			Магнезиум	
			Пестициди	
			PAH	
			PCB, PCT	
			SiO_2	
			Арсен	
			Трихалометани	
			Жива	
			TOC	
			Вкупна алфа активност	
			Вкупна бета активност	
Специфични материи што се очекуваат				

* Во водоводите каде што се флуорира водата
** Само од површинските води

Член 6

Хигиенската исправност на водата од водовод за јавно снабдување на населението со вода за пиење и од сопствени објекти на организациите на здружен труд што произведуваат или преработуваат животни намирници на индустриски начин се утврдува со систематско вршење на основните (А), проширените (Б) и периодичните прегледи (В) во еднакви растојанија во текот на месецот односно на годината зависно од бројот на еквивалентните жители (ЕЖ), и тоа:

	Број на прегледи				
	Месечно			Годишно	
	Од тоа				
Број на еквивалентни жители (ЕЖ)	Вкупно	Основни прегледи (А)	Проширени прегледи (Б)	Периодични прегледи (В)	Вкупно*
1	2	3	4	5	6
до 5.000	–	–	–	4	4
5.001 – 10.000	1	–	1	2	14
10.001 – 50.001	3	2	1	2	38
50.001 – 100.000	8	6	2	2	98
100.001 – 200.000	12	9	3	4	148
200.001 – 400.000	20	16	4	6	246
повеќе од 400.001	30	22	8	12	372

* – вкупно = (колона 1 × 12) + колона 4

При секој преглед на вода од водовод, мострите на вода се земаат:
1) од секое изворище – ако изворишта се директно врзани на водоводната мрежа, или од собирниот вод односно од резервоарот за сурова вода – ако се поврзани во еден систем;
2) од резервоарот за вода за пиење;
3) од водоводната мрежа, а бројот на точките се определува зависно од бројот на екивалентните жители (ЕЖ) и тоа:

Број на еквивалентни жители (ЕЖ):	до 10000	10001-50000	50001-100000	100001-200000	200001-400000	400001-600000
Точки на мрежата:	3	7	9	12	15	18

За водоводи со капацитет поголем од 600.000 ЕЖ на секој натамошни 200.000 ЕЖ ќе се земе уште по една мостра.

Ако во собирниот вод или резервоар со основен преглед се утврди отстапување од вредностите што се пропишани со овој правилник, заради идентификација на загаденото изворище, се земаат мостри и од секое изворище.

Член 7

Преглед на вода од артески бунари и од други објекти за јавно снабдување на населението со вода за пиење се врши годишно, според бројот на жителите што се снабдуваат од секој таков објект и според видот на објектот, и тоа:

Број на жители	Основни прегледи		Проширени прегледи		Периодични прегледи		Вкупно	
	арт. бун.	др. обј.	арт. бун.	др. обј.	арт. бун.	др. обј.	арт. бун.	др. обј.
До 1.000	2	2	2	2	2	2	6	6
1.001 - 5.000	3	4	2	2	2	2	7	8
5.001 - 10.000	6	12	2	4	2	2	10	16
Над 10.000	8	12	4	6	2	2	14	18

Член 8

Во објектите за снабдување со вода на образовно-воспитните организации се вршат во текот на учебната година, два основни и два проширени прегледи на водата за пиење, а во објектите за рекреативна настава, одмор на деца и младина и во младинските населби се вршат два основни, два проширени и два периодични прегледи - за време на користењето на објектите.

Во јавните објекти (туристичко-угостителски и сообраќајни, и во објектите за производство и промет на животни намирници на работните луѓе што самостојно со личен труд вршат дејност, а се снабдуваат со вода од сопствени објекти, се врши проширен преглед на водата еднаш месечно, а периодичен преглед - еднаш годишно.

Член 9

Вода за пиење што се полни во шишања се прегледува на следниот начин:

1) вода од извори и од амбалажни садови се прегледува според бројот на еквивалентните жители (ЕЖ) во согласност со одредбите на член 6 точка 1 став 1 од овој правилник;

2) за прелгед на вода во шишања од прометот (продажба) се земаат две пакувања, ако во продажба или во склад се наоѓаат до 500 амбалажни единици и уште едно пакување на секои 500 амбалажни единици. Во тие мостри се врши проширен преглед на водата.

Член 10

Ако при основниот и проширениот преглед на водата за пиење се утврди остапување во поглед на микробиолошките особини, ќе се истражуваат и патогените микроорганизми од видот салмонела и шигела, и тоа:

1) во пречистена и дезинфицирана вода - кога најверојатниот број на вкупните калиформни бактери е поголем од 10 во 100 ml односно кога ќе се избројат повеќе од 5 колонии со мембран-филтер метод;

2) во природна вода на затворени изворишта - кога најверојатниот број на вкупните колиформни бактерии е поголем од 15 во 100 ml или кога ќе се избројат повеќе од 10 колонии со мембран-филтер метод;

3) во вода од водовод - ако се утврди отстапување кај повеќе од 50% мостри на вода замени за еден преглед, а во водата од другите објекти за снабдување со вода - ако постои хигиенско-епидемиолошка индикација.

Член 11

Во текот на студијско-истражните работи во новите зафати на вода за изградба или реконструкција на водовод, прегледот на вода се врши најмалку четири пати годишно во еднакви временски растојанија, во обемот наведен под (Г) во табелите од член 5 на овој правилник.

Член 12

Ако постои хигиенско-епидемиолошка индикација дека дошло или може да дојде до загадување на водата за пиење, освен показателите наведени под (Д), се определуваат и показателите што ги бара хигиенско-епидемиолошката индикација, по барање на надлежниот орган на санитарната инспекција.

Член 13

Во случај на акцидентално загадување на изворите и на вода за пиење кои со постојните и вообичаените постапки за преработка на водата не може да се отстрани, а не постои резервно изворите, ниту можност на друг начин да се обезбеди вода за пиење, може привремено да се одобри содржината на одделни хемиски супстанции во вода за пиење да биде над границите пропишани со овој правилник, со тоа што нивната концентрација да не биде штетна по здравјето на луѓето.

Снабдување на населението со вода за пиење во смисла на став 1 од овој член може да се дозволи најдолго седум дена.

Член 14

Концентациите на пестициди во вода за пиење се утврдуваат во нови зафати и во случај на хигиенско-епидемиолошки индикации според (Г) и (Д) колоните на табелата 2 од член 5 став 2 на овој правилник.

Дозволени се следните концентации на пестициди во вода за пиење, според групите пестициди, и тоа:

Реден број	Група пестициди	Дозволена концентрација во μg/l
1	2	3
1	Инсектициди (вкупно)	0,1
	1.1. Органофосфорни	0,01
	1.2. Органохлорни	0,08
	1.3. Карбамати	0,01
2	Хербициди	0,1
3	Фунгициди	0,1
4	Други пестициди	0,2

Ако концентрацијата на сите пестициди изнесува повеќе 0,5 μg/l, односно на други пестициди 0,2 μg/l и во случај на хигиенско-епидемиолошки индикации ќе се испитиваат и концентрациите на одделни пестициди според Листата V.

Член 15

Во вода за пиење во редовни прилики не е дозволено присуство на бојни отрови.

Во вонредни прилики за време на воена состојба или на непосредна воена опасност водата за пиење која содржи бојни отрови во концентрациите од Листата VI може да се употребува најдолго седум дена, во количество до три литра дневно.

Член 16

Утврдувањето на радиоактивните материи во вода за пиење се врши периодично ако е зголемена вредноста на природната радиоактивност, утврдена за тоа подрочје, со определување на вкупната алфа и бета-активност според Листата VII.

Ако вкупната алфа и бета активност, вклучувајќи ги и носкоенергетските честички на бета-емисија (^{3}H, ^{14}C) го надминува дозволеното ниво, се определува и содржината на одделни радионуклиди, во согласност со прописот за максималните граници на радиоактивната контанимација на човековата средина и за вршењето на деконтаминација.

Член 17

Со влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат:

1) Правилникот за хигиенската исправност на водата што служи за јавно снабдување на населението како вода за пиење или за производство на животни намирници наменети за продажба („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/80 и 14/85);

